


Практичен водич за граѓанското општество

# КАКО ДА СЕ СЛЕДАТ ПРЕПОРАКИТЕ ОД ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

UNITED NATIONS

UNITED NATIONS
HUMAN RIGHTS
OFFICE OF THE HIGH COMMISSIONER

# Содржина


1. Како се користи овој Водич .......... 1
2. Што се подразбира под последователни активности и зошто се толку важни? .......... 3
3. Последователни активности на што? .......... 5
4. Методи и активности за следење .......... 7
   - 4.1 Одредување на механизми со кои треба да се работи .......... 7
   - 4.2 Работа со механизмите за човекови права во текот на целиот нивен циклус заради постигнување на максимален ефект .......... 8
   - 4.3 Мапирање на препораките и наодите за човековите права .......... 8
   - 4.4 Одредување на приоритети и планирање .......... 10
   - 4.5. Мониторинг на спроведувањето .......... 15
   - 4.6. Искористување на моментот .......... 17
   - 4.7. Создавање и работа со коалиции .......... 18
   - 4.8. Партнерства .......... 21
   - 4.9. Дисеминација и подигнување на свесноста .......... 23
   - 4.10. Застапување .......... 26
   - 4.11. Градење и јакнење на капацитетите .......... 28
   - 4.12. Интегрирање на родовата перспектива во последователните активности .......... 29
   - 4.13 Отсликување на инклузијата, разновидноста и достапноста .......... 30
   - 4.14. Користење на препораките за судски постапки и парници .......... 30
   - 4.15. Споделување на резултати од последователни активности и добри практики .......... 31
   - 4.16. Вклучување во постоечките последователни процедури и практики на механизмите за човекови права .......... 32
5. Процедури и пракси на механизмите за човекови права за следење на спроведувањето .......... 33
   - 5.1. Договорни тела за човекови права .......... 33
   - 5.2. Совет за човекови права .......... 38
   - 5.3. Специјални процедури .......... 40
   - 5.4. Универзален периодичен преглед .......... 48
   - 5.5. Холистички пристап .......... 50
   - 5.6. Репресалии .......... 50
6. Дознајте повеќе .......... 52
7. Контактирајте не .......... 54




# 1. Како се користи овој Водич

Овој Водич, издаден од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (ОХЦХР) се фокусира на тоа како граѓанското општество може да ги следи препораките на механизмите и мандатите или телата на Обединетите нации (ООН) за човекови права. Читателите кои не се запознаени со главните одлики на овие механизми се повикуваат да го погледнат Прирачникот на ОХЦХР за граѓанското општество – Работа со програмите за човекови права на Обединетите нации *(OHCHR's Handbook for civil society-Working with the United Nations human rights programme)* и неговите Практични водичи за граѓанското општество.[1]

Деловите 1-3 од овој Водич објаснуваат што значи "следење (follow-up)" и "спроведување", додека во Делот 4 се опишани методите и активностите кои актерите на граѓанското општество (АГО) можат да ги користат. Во

[1] Достапно на **http://www.ohchr.org/EN/AboutUs/Pages/CivilSociety.aspx**

Делот 5 се разгледуваат постоечките процедури и практики за следење кои ги применуваат механизмите на ООН за човекови права и како АГО можат да учествуваат.

Водичот исто така упатува на алатките за олеснување на последователните активности на граѓанското општество. Тие се набројани во Делот 6.

Откако ќе бидат разгледани низа различни методи и активности за следење надополнети со вистински искуства кои АГО[2] и ОХЦХР беа љубезни да ги споделат од нивната работа на терен, Водичот нуди листа со опции кои АГО можат да ги изберат во зависност од сопствените приоритети и капацитети.

Овој Водич пред сè е наменет за АГО кои работат на национално ниво. Достапен е на арапски, кинески, руски, француски и шпански јазик.

[2] Вклучувањето на студии на случаи не значи одобрение од ОХЦХР

# 2. Што се подразбира под последователни активности и зошто се толку важни?

Последователните активности имаат за цел да обезбедат препораките и одлуките на механизмите и телата за човекови права да бидат **спроведени** за да се подобри почитувањето, заштитата и исполнувањето на сите човекови права за сите.

Механизмите и телата на ООН за човекови права се обидуваат да ја подобрат реализацијата на човекови права во сите земји во светот. Резолуциите што се усвоени од Советот за човекови права, наодите на анкетните комисии, препораките на договорните тела, специјалните процедури и Универзалниот периодичен преглед, и одлуките на договорните тела по поединечни случаи, сите заедно имаат за цел да ги затворат јазовите во заштитата и да посочат на начините на кои државите и други засегнати страни можат да напредуваат кон целосна реализација на човековите права. Сите овие наоди, препораки и одлуки имаат за цел да доведат до промена на подобро во животите на имателите на правата. Примарната обврска за остварување на таква промена е таа на државата која е обврзана да ги почитува, штити и исполнува човековите права. Меѓутоа сите делови на општеството, почнувајќи од поединците до приватниот сектор, меѓународната заедница и АГО имаат сопствена улога што треба да ја одиграат во реализацијата на човековите права. Граѓанското општество особено може да игра клучна улога во последователните активности по препораките за човекови права.

## Преглед на фазите на последователните активности



# 3. Последователни активности на што?

Наодите и препораките на механизмите и телата на ООН за човекови права се бројни. Граѓанското општество презема последователни активности за оние што се релевантни за неговите цели и опсег на делување. Тоа можат да бидат:

- Препораки усвоени од договорни тела во заклучните согледувања по разгледувањето на спроведувањето на некој договор за човекови права од страна на државата-потписничка;
- Препораки дадени од специјалните процедури на Советот за човекови права содржани во извештаи од посети на земји, тематски и извештаи за комуникации за поединечни случаи;
- Препораки што произлегуваат од Универзалниот периодичен преглед (УПР) на Советот за човекови права;
- Резолуции и одлуки на Советот за човекови права и Генералното собрание;
- Работата на супсидијарните тела на Советот за човекови права, како што се Советодавниот комитет, постапката за поднесување жалби, Експертскиот механизам за правата на домородните народи, Форумот за малцински прашања, Социјалниот форум и Форумот за бизнис и човекови права;
- Препораки на анкетни комисии, мисии за утврдување на факти и други ад хок истражни механизми за човекови права воспоставени од Советот за човекови права, Високиот комесар за човекови права или Генералниот секретар на ООН;
- Препораки содржани во извештаи и студии на Високиот комесар за човекови права на ООН (на пр. извештаи за активностите на теренско присуство; извештаи и студии за тематски и состојби во одредена земја побарани од Советот за човекови права);
- Апели до државите или меѓународната заедница од страна на Високиот комесар за човекови права или независни експерти за човекови права преку јавни изјави.

Ова е индикативна листа на препораки за она што треба последователно да направи државата и граѓанското општество. Дополнително на механизмите на ООН, регионалните и националните механизми за човекови права исто така објавуваат извештаи и препораки за да се подобри остварувањето на човековите права.

При одлучувањето на што да се фокусира, важно е да се избегне следење на еден расцепкан или ограничувачки начин. Иако различните механизми за човекови права имаат свои процедури и практики за следење, како што е опишано во Делот 5 од овој Водич, една од додадените вредности кои граѓанското општество може да ги понуди е да усвои холистички пристап во однос на последователните активности.

Холистичкиот пристап го зема плуралитетот на механизмите за човекови права, наместо да се фокусира на препораките од само еден од нив. Ова подразбира ангажирање со механизмите за човекови права во сите фази од нивната работа. Механизмите за човекови права работат во циклуси коишто можат да бидат поедноставени во фази на: прибирање на информации, поднесување на извештај, дијалог со засегнатата држава, препораки и последователни активности.

Работата на граѓанското општество на последователните активности е поефективна кога тоа ќе се вклучи во целиот процес. Иако постојаниот ангажман во текот на сите фази од циклусот на активности на механизмите за човекови права веројатно ќе донесе повеќе резултати, АГО можат да имаат корист од исходот и препораките на механизмите за човекови права дури и без претходен ангажман.

### Циклус на механизмите за човекови права



# 4. Методи и активности за следење

Овој дел дава преглед на некои од методите и активностите на граѓанското општество за проследување на препораките, заедно со некои примери од минати практики како илустрација.

## 4.1. Одредување на механизми со кои треба да се работи

Остварувањето на сите човекови права за сите е сеопфатната цел на сите тела за човекови права на ООН. Во повеќето земји, напредокот се случува преку комбинација на фактори кои варираат од политичка волја на носителите на обврски до однесувањето на органите за спроведување на законите, делувањето на граѓанското општество, одлуките и степенот на независност на судовите, влијанието на регионалните организации, промени на владата, итн. ОХЦХР и механизмите на ООН за човекови права можат да играат важна улога во одредување на патот кон спроведувањето.




Кој механизам има најголемо влијание? Посета на земјата од страна на носител на мандат за Специјални процедури? Препораки упатени од страна на државите при Универзалниот периодичен преглед (УПР) и со него поврзаните политички процеси? Или, одлука по поединечна жалба до договорно тело? Можеби комбинација на сето ова, и повеќе? Каква додадена вредност може да донесе еден механизам за човекови права во работата на граѓанското општество на конкретно тематско

прашање за човекови права и/или во една земја, регион или територија? Како соработката со механизмите за човекови права се вклопува со приоритетите, плановите и капацитетот на АГО?

Анализата на она што може еден механизам да понуди и разбирањето на неговите препораки преставуваат основни чекори за: 1) граѓанското општество да се одлучи да почне да работи со таквите механизми; 2) обликувањето на таквата соработка; и 3) интегрирање на таквата соработка во стратегиите и работните планови на АГО.

## 4.2. Работа со механизмите за човекови права во текот на целиот нивен циклус заради постигнување на максимален ефект

Искуството покажува дека интеракцијата на граѓанското општество со механизмите за човекови права носи повеќе резултати кога ангажманот е во сите фази од циклусот на работа на механизмите за човекови права. На пример, кога се поднесуваат информации за УПР за државата што е предмет на прегледот, граѓанското општество може да се фокусира на прашања што најмногу го засегаат, било да се работи за телесно казнување на деца или дискриминација на етнички малцинства. Тие можат да воспостават дијалог прво со сопствената Влада и подоцна со делегациите на земјите-членки кои ќе учествуваат во интерактивниот дијалог на УПР за да ги охрабрат да предложат препораки за овие прашања. Документот за исходот од УПР ќе ги отслика тие препораки и потоа истите можат да се користат на национално ниво за зајакнато застапување или другите активности на граѓанското општество.

Слични процеси постојат и кај други механизми. Преку придонес со добро документирани и веродостојни информации за прашања што го засегаат, граѓанското општество ја зголемува веројатноста наодите и препораките да бидат релевантни и фокусирани. Добро срочени, остварливи за спроведување и препораки кои одговараат на идентификуваните јазови во заштитата на човекови права дадени од телата на ООН за човекови права се од клучна важност за да се поддржат заложбите на граѓанското општество на национално ниво.

## 4.3. Мапирање на препораките и наодите за човековите права

Препораките и наодите на механизмите за човекови права, како тематски така и за поединечни земји, се бројни. Нивното собирање и групирање според тематски или географски области од интерес би можело да

биде корисна подготовка за холистички пристап кон последователните активности. Препораките и наодите од мапирањето можат:

- Да го олеснат пристапот до препораките;
- Да помогнат во подигнувањето на свеста и да помогнат во дисеминирањето на препораките;
- Да помогнат во градењето на сеопфатен преглед на постоечките препораки и оттука да обезбедат основа за холистичка стратегија за последователните активности;
- Да го олеснат утврдувањето на приоритети во спроведувањето и последователните активности;
- Да послужат како основа за изработка на план за мониторинг.

Следнава алатка може да помогне во овој процес:

**Универзален индекс за човекови права**

Универзалниот индекс за човекови права[3] претставува онлајн база на податоци за собирање на препораките од договорните тела, специјалните процедури и УПР. Индексот им овозможува на корисниците пристап и пребарување на препораките на договорно тело, специјални процедури и УПР според неколку категории: држава, право, тело, погодено лице, временска рамка, а за УПР, држави кои ја дале препораката, ставот на државата што е предмет на прегледот, и, седница. Со неколку кликнувања оние што бараат можат да ги видат оценките на телата и механизмите на ООН за статусот во однос на остварувањето на човекови права во одредена ситуација. Ова ги прави постоечките бројни информации за човековите права на ООН потранспарентни и подостапни.

**Групирање на препораките  во Централна Азија**

Во Киргистан, Регионалната канцеларија на ОХЦХР за Централна Азија поддржа академска институција за изработка на збирка во која препораките на механизмите за човекови права на ООН се групирани по права, вклучително препораките што произлегуваат од договорните тела, специјалните процедури и УПР. Ова послужи како основа за планирање на работата на спроведувањето на препораките.[4]

---

3 http://uhri.ohchr.org/

4 Збирката е достапна на http://www.auca.kg.

## 4.4. Одредување на приоритети и планирање

За АГО некои препораки може да се порелевантни од други. Некои може да се однесуваат на тематските или географските приоритети на АГО, а други не. Слично, за некои може лесно да се преземат последователни активности, додека други да бараат ресурси со кои не се располага. Некои препораки може да се резултат од подготвителната работа на граѓанското општество со одреден механизам за човекови права. Последователните активности на овие препораки многу е веројатно да бидат приоритет и интегрирани во стратегиите и работните планови на АГО.

**Тортура и малтретирање извршени од страна на приватни лица во Канада**

Во 2011 година 110 Клубови на Канадската федерација на жени од универзитетите (CFUW) апелирале до Владата на Канада посебно да ја криминализира тортурата вршена од страна на приватни лица.

Канадскиот Кривичен законик ги смета за одговорни за тортура државните субјекти. Кога поединци се жртви на истите дела на тортура сторени од страна на приватни лица, како во случаите на домашно насилство, таквите сторители не се сметаат за одговорни за кривично дело тортура.

Во април 2012 г. Федерацијата поднела извештај во сенка до Комитетот против тортура (КПТ). Членовите на Федерацијата присуствувале на мајската седница на Комитетот во Женева. „Го чувме Комитетот како им потврдува на делегатите на Владата на Канада дека некои форми на родово засновано насилство се манифестации на тортура кога се вршат од не-државни актери и дека потпаѓаат под Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Тоа беше пробив за родовата еднаквост и неотповикливото човеково право на жените и девојчињата да не бидат подложени на тортура извршена од лица кои не се претставници на државата. Заклучното согледување на КПТ претставуваше голем пробив за нас и ние можевме да го искористиме во нашата работа“, коментираа два члена на Федерацијата. После заклучните согледувања на Комитетот, Федерацијата поднела писмена изјава до Комисијата за статусот на жените и го поддржала поднесокот за УПР-от на Канада, надоградувајќи се врз заклучното согледување на КПТ во однос на тортурата и малтретирање извршено од приватни лица.

Со или без вклучување во претходните фази од работниот циклус на механизмите за човекови права, АГО имаат согледано дека приоритизирањето на постоечките препораки и наоди преку идентификување на оние поврзани со нивните сопствени цели за

човековите права, е важен чекор за да се развијат реални планови за следење на спроведувањето. АГО може да користи различни групи на **критериуми за приоритизирање** на препораките, како што се:

- Препораки од механизам за човекови права или тело кое ги зајакнуваат оние на АГО;
- Препораки кои се поклопуваат со целите и активностите на АГО чие следење може реално да се интегрира во нивните работни планови;
- Препораки и наоди кои се нов напредок во толкувањето и примената на правото за човекови права;
- Препораки чие спроведување може да е поддржано од низа фактори (на пр. приоритет на државата за спроведување; притисок и/или помош на меѓународната заедница; достапност на ресурси);
- Препораки за кои граѓанското општество може да спроведе последователни активности работејќи со други во коалиција;
- Препораки чие спроведување АГО можат да го мерат;
- Препораки кои ќе бидат игнорирани доколку АГО не делуваат; и
- Препораки посебно упатени до граѓанското општество (на пр. препораки на Специјалниот известувач за состојбата на бранителите на човековите права упатени до заедницата на бранители).

**Приоритизирање на препораките од УПР на тема недискриминација заснована на род и родов идентитет**

Активноста за утврдување на приоритетите во врска со УПР препораките и подготовка на првичен работен план може да се сумира на следниов начин:

| Препорака на УПР | Со приоритет | Вид на последователни и главни активности | Одговорни организации и ресурси | Временска рамка | Индикатор(и) |
|---|---|---|---|---|---|
| Јакнење на правната заштита од дискриминација за да се вклучат сексуалната ориентација и родовиот идентитет како забранети основи за дискриминација | Да. Важен пропуст кој Владата може да го занемари доколку не биде охрабрена од АГО и меѓународната заедница. | Застапување.<br>Лобирање на парламентарци.<br>Учество во подготовката на законскиот текст.<br>Кампања. | ЛГБТ организациите во партнерство со други АГО. Дел од тековните активности. | Следните 4 години | Сексуалната ориентација и родовиот идентитет интегрирани како забранети основи за дискриминација во законот за спречување на дискриминација. |
| Да се започнат или обединат кампањи за подигнување на јавната свест за да се охрабри толеранцијата на хомосексуалните, бисексуалните и трансексуалните лица. | Да. Види горе. | Учество во кампања.<br>Да се предложи целната група да се младите, општата јавност и претставниците на органите на прогонот.<br>Средините кои ќе бидат цел: средни училишта; универзитети; спортски клубови; центри за полициска обука. | ЛГБТ организациите во партнерство со други АГО. Да се бараат дополнителни ресурси. | Следните 4 години | Спроведена кампања. Типот на население до кои е допрено. |
| Да се продолжи да се работи на родовата нееднаквост. | Не. Премногу нејасно формулирано. | | | | |

| Препорака на УПР | Со приоритет | Вид на последователни и главни активности | Одговорни организации и ресурси | Временска рамка | Индикатор(и) |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се продолжи со јакнење на институциите и превентивните политики во врска со родовите прашања и дискриминацијата на жените. | Да. Владата треба да се охрабри да ги зајакне институциите кои работат на еднаквоста со повеќе ресурси. | Мониторинг и застапување.<br>Следење на буџетските ресурси доделени на Министерството за еднакви можности.<br>Следење на иницијативите што се предложени од страна на Министерството и прифатени од страна на Владата. | Женски организациите во партнерство со други АГО. Дел од тековните активности. Да се бара дополнителна експертиза за следење на буџетот. | Следните 4 години | Доделени ресурси на Министерството за еднакви можности. Предлог политики усвоени од Министерството и спроведени од Владата. |
| Спроведување на неодамнешните законски реформи за отстранување на дискриминирачките одредби против жените согласно ЦЕДАВ да стане приоритет. | Да. Време е за недискриминирачка законска рамка. | Мониторинг на законодавството.<br>Дел од последователните активности после заклучните забелешки на ЦЕДАВ. | Женски организации во партнерство со други АГО. Дел од тековните активности. | Следниот извештај во рамките на ЦЕДАВ. | Укинување на дискриминирачките одредби кои се идентификувани од ЦЕДАВ. |
| Да се преземат таргетирани мерки за да се затвори јазот во однос на платите меѓу жените и мажите. | Не, но поддржано од АГО. Вон капацитетот на АГО да преземе последователни активности. | | | | |

| Препорака на УПР | Со приоритет | Вид на последователни и главни активности | Одговорни организации и ресурси | Временска рамка | Индикатор(и) |
|---|---|---|---|---|---|
| Да се изгради, во соработка со граѓанското општество, детална стратегија во насока на елиминирање на штетните културни практики и дискриминирачки стереотипи против жените. | Да. Ова беше утврдено како приоритет од коалицијата, а препораките предвидуваат експлицитна улога за граѓанското општество. | Да се земе учество во развивањето на стратегијата. | Женски организациите во партнерство со ООН Жени. | Една година. | Усвоена стратегија. |
| Јакнење на напорите за искоренување на злоупотребата на детскиот труд, подобрување на координацијата меѓу бројните национални институции кои се занимаваат со правата на детето. | Не. Надвор од опсегот на активностите на инволвираните АГО. | | | | |

## 4.5. Мониторинг на спроведувањето

Мониторингот на спроведувањето на препораките од страна на државата претставува важна активност за граѓанското општество да обезбеди отчетност на Владата. Ова може да се состои од тековно следење на АГО за тоа дали државата ратификувала одреден договор за човекови права, дали испратила покана до специјалните процедури да ја посетат земјата, дали усвоила закон за недискриминација, или дали спровела сложени процеси за мониторинг кои вклучуваат прибирање и поткрепа на големи количества на податоци од различни извори и многу локации, или анализа на информации во врска со индикатори и одредници за одреден временски период. Без разлика на типот на преземениот мониторинг, едноставен или сложен, **од витална важност е наодите да се точни и веродостојни**. Наодите можат да послужат како основа за застапување кај националната Влада, а можат да се развијат и во поднесоци до механизмите за човекови права на пр. за вториот или третиот циклус на УПР, за следното разгледување од договорните тела, или за усно информирање на Советот за човекови права за најновиот развој. Прирачникот на ОХЦХР за мониторинг на човекови права дава детални насоки за методологијата за мониторинг[5] како што се активно прибирање, потврдување, анализа и употреба на информациите за да се оценат и да се одговори на прашања на човекови права за кои постои загриженост. Според оваа дефиниција, мониторингот се спроведува во подолг временски период. Целиот процес на мониторинг исто така се нарекува циклус на мониторинг на човекови права (види долу).

### Циклусот на мониторинг




[5] Прирачник за мониторинг на човековите права, публикација HR/P/PT/7/Rev.1).

**Мониторинг на пристап до информации и материјали на избирачките места во Хонг Конг**

Кина, вклучително Хонг Конг, била разгледувана од страна на Комитетот за правата на лицата со попречености (ЦРПД) во септември 2012 година. Група самозастапници од организацијата Избрана моќ (Chosen Power) присуствувале и на 7-та и 8-та седница на ЦРПД комитетот за да информираат како Владата ги исполнувала нивните права и ова искуство го искористиле во својата работа во Хонг Конг. Избрана моќ е првата организација за само-застапување и само-помош со која управуваат лица со различни способности за учење во Азија и нивното учество во Женева претставувало прв случај лица со интелектуални попречености да му се обратат на Комитетот.

После 7-та седница на која била усвоена листата на прашања, Избрана моќ лобирале за пристап до информации и материјали на избирачките места за лица со интелектуална попреченост, и за правото да бидат придружувани до кабината за гласање од лице за поддршка по нивен избор. Тие се состанале со службени претставници на Канцеларијата за регистрација и избори во јули 2012 година за да ги покренат овие прашања, како и проблемот со недостапноста на гласањето за лицата кои се слепи или слабовидни, неможноста за лицата кои живеат во институции да гласаат, и фактот дека лица дефинирани како „ментално неспособни" се лишени од нивните гласачки права.

Во септември 2012 биле одржани избори и Избрана моќ извршила мониторинг на неколку аспекти од изборите. Тие утврдиле дека веб страниците за изборите биле недостапни, дека морале да чекаат подолг временски период за да дојдат до 'лесни за читање' водичи за гласање на избирачките места, а понекогаш се чинело дека помошта што била обезбедена на гласачките места во целост не ја почитувала нивната автономија и доверливост.

Позитивен исход од учеството во процесот на разгледување на ЦРПД Комитетот била мобилизацијата на организации на лица со попречености и АГО за да ги здружат силите во коалиција што помогнало прашањата поврзани со попреченоста да се вклучат во главните текови на поширокото граѓанското општество. Во Хонг Конг овие организации исто така работеле заедно на поднесок до Комитетот за човекови права за листата на прашања за Хонг Конг каде тие исто така ги покренале прашањата во врска со нивните права на политичко учество со цел да се зголеми притисокот врз владата да се направат неопходните промени за нивно еднакво учество.

**Користење на индикаторите за човекови права за мониторинг на спроведувањето**

Квантитативни и квалитативни индикатори, засновани на темелни и транспарентни методологии можат да се користат за следење на препораките.

На пример, индикатори за потврдување на спроведувањето на препораката за усвојување на закон за сексуално и репродуктивно здравје можат да бидат датумот на стапување на сила и опфатот на законот.

Друга препорака од оваа област би можела да биде „да се продолжи со напорите за зголемување на пристапот до безбедни контрацепциски услуги кои можат да си ги дозволат луѓето низ целата земја".

Индикаторот за соодносот на жени или нивни партнери кои користат контрацептиви им дозволува на засегнатите страни да го оценат степенот на спроведување. Податоци за употребата на контрацептиви се водат во Секторот за население на Обединетите нации преку користење на национални репрезентативни анкети.

Кога се приобираат податоци за индикатори, важно е да се разделат податоците за да се утврдат дискриминаторските аспекти на состојбата. Во една индикативна листа, и во зависност од тоа што е релевантно и остварливо во даден контекст, индикаторите можат да бидат разделени според раса, боја, пол, возраст, јазик, вероисповед, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање, физичка или ментална попреченост, здравствена состојба (вклучително ХИВ/СИДА), сексуална ориентација и граѓански, политички или друг статус. Откако ќе се идентификуваат релевантните индикатори, корисно е да се утврдат одредници за да се натераат државите да ги спроведат и остварат препораките.

Социјална Стража (Social Watch)[6] и Центарот за економски и социјални права (Center for Economic and Social Rights)[7] се организации со значително искуство во однос на користењето индикатори за спроведувањето на препораките.[8]

## 4.6. Искористување на моментот

Разгледување на состојбата со човекови права во една земја од страна на еден механизам за човекови права на ООН или посета од носител на мандат за специјална процедура може честопати да создаде импулс како што е:

- Исклучително внимание посветено на состојбата со човековите права;

6 **www.socialwatch.org**

7 **www.cesr.org**

8 За повеќе насоки за индикаторите, види Human Rights Indicators - A Guide to Measurement and Implementation (Индикатори за човековите права – Водич за мерење и спроведување), (публикација на Обединетите нации, HR/PUB/12/5)

- Подготвеност на државните власти да решат некои проблеми со човековите права на централно или локално ниво;
- Нови соговорници во Владата подготвени да започнат дијалог со граѓанското општество;
- Обновен поттик за преземање на мерки за унапредување на човековите права;
- Демонстрирање на политичка волја за усвојување на законодавство усогласено со стандардите за човекови права;
- Достапност на нови ресурси за работа во дадена област; и
- Партнерства или коалиции создадени или зајакнати за разгледувањето.

АГО можат да играат клучна улога во создавањето поттик за активностите на механизмите за човекови права и за негово искористување за унапредување на стратегиите за подобрена заштита на човековите права.

## 4.7. Создавање и работа со коалиции

Учеството во работата на механизмите за човекови права преку коалиции на АГО честопати носело позитивни резултати.  Примерите вклучуваат:

- Посеопфатни поднесоци до механизмите за човекови права, со зголемена веројатност  препораките да ги отсликуваат приоритетите идентификувани од коалицијата.
- Поделба на трудот меѓу членките на коалицијата според специјализациј а, ресурси и стручност, со резултат на поефективно учество и следење (на пр. некои ќе се фокусираат на застапување или подигнување на свеста, други на мониторинг, собирање и анализа на податоци, вклучително технички податоци и информации, други на поддршка на жртви на повреди на човековите права и овозможување да се чујат нивниот глас и сведоштва).
- Подобрени односи за работа, соработка и солидарност меѓу АГО. Ова е особено важно кога АГО може да се соочат со закани.
- Зголемено влијание и кредибилитет на коалицијата преку единство во пораката и целта  во однос со механизмите за човекови права, државните власти и други засегнати страни (на пр. дипломатски мисии, национални институции за човекови права).

- Малите АГО привлекуваат повеќе внимание кога нивните прашања се канализирани преку коалиции.

**АГО Коалицијата постигнува напредок во превенција од тортура преку УПР на Филипини**

Групата за медицинско дејствување (Medical Action Group (MAG)) учествувала во подготовката на Заедничкиот извештај на граѓанското општество за УПР за Филипини. Пред да се случи УПР-от во мај 2012 г., членовите на АГО коалицијата организирале информативна средба за дипломатите во Манила на која присуствувале околу 20 амбасади. Во Женева, тие имале состаноци со 16 дипломатски мисии заради подигнување на свеста во врска со она што ги загрижувало. „Можевме да ги пренесеме прашањата кои најмногу не загрижуваа на конкретен и концизен начин, спакувани на еден лист хартија со главни факти за секое од прашањата“, изјавија членовите на коалицијата. „Големата вредност на работата како коалиција на АГО при поднесувањето на извештајот и при лобирањето кај владите во УПР процесот е што тоа резултираше со порелевантни препораки. Ова исто така ги олесни последователните активности и нашиот активен ангажман со владата во рамките на спроведување на истите.“

МАГ и Коалицијата Обединети против тортура (УАТЦ)-Филипини сега ги користат препораките од УПР како поддршка на нивната работа на превенција од тортура. „Ние ги користиме препораките на УПР во нашата работа на мониторинг и во нашите активности на застапување кои се фокусирани на зголемување на јавната видливост  во однос на медицинските аспекти на тортурата, вклучително и документацијата заснована на Протоколот од Истанбул и воспоставувањето на програми за рехабилитација за оние што преживеале мачење и нивните семејства. Препораките на УПР имаа мултиплицирачки ефекти во градењето на капацитетот на движењето за превенција од тортура на Филипините“ заклучил претставникот на МАГ.

**Мапа за спроведување на препораките за економските, социјалните и културните права во Швајцарија**

Коалицијата Швајцарија за економски, социјални и културни права (Suisse Romande sur les droits économiques, sociaux et culturels) инициралше последователни активности во однос на заклучните согледувања за Швајцарија на Комитетот за економски, социјални и културни права. Таа ги повика АГО кои беа специјализирани за различните области опфатени во заклучните согледувања да придонесат кон објаснувањето на тоа што е потребно за да се спроведе секоја од препораките. Сите придонеси беа собрани и вградени во конкретни насоки кои беа споделени и дискутирани на тркалезни маси со владини официјални претставници.

Иако искуството покажува дека работата во коалиции генерално обезбедува добри резултати, научените лекции од минатите практики исто така имаат идентификувано и некои општи предизвици како на пример:

- Ресурси и време потребни за работа на координација.
- Договарање за приоритети и улоги.
- Одржување на мотивацијата и чувството за корисност на коалицијата.
- Постигнувањето на консензус може да значи разводнување на некои прашања.

**Борба против расната дискриминација во Јапонија**

Јапонската мрежа на НВО за елиминација на расната дискриминација (ERD Net) била формирана во 2007 година, после посетата во 2005 година на специјалниот известувач за современите форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и со тоа поврзана нетрпеливост. Со поддршка на Меѓународното движење против сите форми на дискриминација и расизам (ИМАРД), ЕРД Нет работи на спроведувањето на Меѓународната конвенција за елиминација на расната дискриминација (ИЦЕРД) во Јапонија. ЕРД Нет поднела извештај во сенка за Јапонија до Комитетот за елиминација на расната дискриминација (ЦЕРД). Во февруари 2010 година, делегати на ЕРД Нет присуствувале на седницата и организирале информативна средба со ЦЕРД. Меѓу август 2010 и јуни 2012, тие одржале серија консултации со владата и организирале работилници со пратениците, врз основа на заклучните согледувања на ЦЕРД. „Овие активности ни овозможија да ги зајакнеме нашите вештини за застапување како на ниво на ООН, така и на национално ниво. Со тоа исто така се консолидираше нашата соработка" изјави член на ЕДР Нет. „Ваквото искуство ни дозволи и да ги идентификуваме медиумите како уште една област каде што сакаме да сме поактивни. Ако медиумите посветат поголемо внимание на тоа како меѓународните механизми гледаат на состојбата со човековите права во Јапонија секако ќе биде од корист".

## 4.8. Партнерства

Работата со партнери на спроведување на последователните активности и на човековите права може да има стратешка вредност.

Од минати искуства знаеме дека учеството во процесите за човекови права на ООН може да креира можности за нови партнерства и соработка меѓу АГО. Искористувањето на овие можности и максималното искористување на овие партнерства може да ги мултиплицира резултатите. Кога се воспоставуваат партнерства, разновидноста на партнерите е од суштинска важност за да се обезбеди дека сите аспекти се земени во предвид.

Работата со партнери може да се случи на повеќе нивоа: некои можат да имаат исти цели, други можат да имаат ресурси, посебни вештини или широка мрежа на контакти; други се клучни носители на должноста или можат да влијаат на нив. Мапирањето на клучните актери и како тие можат да придонесат, вклучително и ризиците и заканите, претставуваат основа за развивање на стратегија и дефинирање на улогите. На индикативна листа, АГО поседуваат искуства со различни форми на партнерство и соработка со:

- АГО на различни нивоа и во различни тематски области – од организации во заедницата до национални и меѓународни АГО;
- Донатори и дипломатска заедница;
- Медиуми;
- Синдикати и професионални здруженија;
- Тематски мрежи;
- Државни структури, вклучително Парламенти и релевантни парламентарни комисии;
- Национални институции за човекови права;
- Меѓународни и регионални организации, вклучително и присуствата на ООН и на ОХЦХР на терен;
- Научни институции; и
- Механизми за човекови права.

**Мобилизирање на партнери за заштита и унапредување на правата на децата во Непал**

Во Непал, Спасете ги децата (Save the Children) обучи 138 АГО за УПР. Тие ги поддржаа поднесоците на засегнатите страни и го координираа нивното застапување на национално и меѓународно ниво. Како резултат, документот за исходот на УПР има 34 препораки за правата на детето, вклучително и 31 прифатени од Владата на Непал.

Спасете ги децата изработи сопствена стратегија како последователна активност на УПР за мобилизација на различни национални засегнати страни, вклучително и мрежите на граѓанското општество, Националната комисија за човекови права, амбасадите и медиумите во насока на унапредување на националното поседување на УПР процесот и јакнење на ангажманот и отчетноста.

УПР послужи како инструмент за поврзување на непалските АГО околу заедничка агенда за дејствување. Се користеше комбинација на билатерални и колективни состаноци на високо ниво за застапување со владини функционери и амбасади и подигнување на свеста преку медиуми, вклучително телевизиски интервјуа и написи за УПР во печатот. Поврзувањето на УПР со конкретни настани за децата, како што се Денот на правата на детето, било особено делотворно во насока на привлекување на вниманието на медиумите.

Спасете ги децата во соработка со националните коалиции за детски права послужиле како инструмент во охрабрувањето на Националната комисија за човекови права (НКЧП) да ги вгради во својот мандат мониторингот и последователните активности во однос на препораките од УПР. НКЧП игра витална улога во обезбедувањето на достапност на веродостојни и сигурни информации за тоа до каде е стигнато со спроведувањето.

Како резултат на координирани последователни напори препораката на УПР 108.4 која бара „усвојување на одамна очекуваната законска регулатива за децата, вклучително Законот за правата на децата, Образовна регулатива, Политика за заштита на детето, и минимум стандарди за домовите за згрижување на деца" била делумно спроведена. Националната политика за детето и сеопфатните стандарди за домовите за згрижување на деца биле усвоени во 2012 година. Кабинетот исто така го поддржал и Нацрт законот за правата на детето.

Работата на мапирање со партнерите може да се претстави визуелно. На пример, искуството со Непал опишано горе може визуелно да се претстави со оваа шема.

### Мобилизирање на партнерите во Непал за прашањето на правата на детето




## 4.9. Дисеминација и подигнување на свесноста

Дисеминацијата и подигнувањето на свесноста за наодите и препораките на механизмите за човекови права се корисни начини за промовирање на спроведувањето на обврските за човекови права на државите.

Во многу случаи, спроведувањето е можно затоа што сè повеќе иматели на права ги знаат и бараат правата кои им следуваат или заради тоа што односните власти знаат какви мерки се очекуваат од нив за да ги остварат обврските во однос на човековите права. Затворањето или намалувањето на јазовите во знаењето за човековите права преку подигнување на свесноста и ширење на информации за човековите права се ефективни начини за унапредување на спроведувањето.

Почнувајќи од преводи на локалните јазици до различни форми на кампањи во медиумите и на социјалните медиуми, АГО се снаодливи и креативни во раширувањето на наодите и препораките на механизмите за човекови права. Обезбедувањето на пристап до материјалите и информациите за лицата со попреченост секогаш треба да биде интегрирано во плановите за дисеминација.

**Користење на „Законот за пристап до информации“ за да се даде публицитет на препораките на Поткомитетот за превенција од тортура за Бразил**

За време на првата посета на Бразил во 2011 година, Поткомитетот за првенција од тортура (ППТ) ја испита состојбата со тортурата и лошото постапување во установите за лишување од слобода во земјата. ППТ потоа подготви извештај за Владата на Бразил со препораки во врска со практикувањето на тортура во земјата. Според Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување (ОПКАТ), извештајот ќе биде јавно достапен само доколку владата одлучи така. И покрај барањата на граѓанското општество, извештајот останал доверлив.

Во мај 2012 година, Бразил усвоил Закон за пристап до јавни информации. На денот кога законот стапил на сила, организацијата Конектас човекови права (Conectas Direitos Humanos ) поднела барање до бразилската Влада за објавување на извештајот на ППТ. Бразилската Влада одговорила во рокот утврден со Законот и го објавила извештајот и препораките, вклучително и превод на португалски јазик на веб страницата на Министерството за човекови права.

Конектас сметале дека е неопходно извештајот на ППТ да биде објавен на службениот јазик. Без ова актерите на граѓанското општество и други засегнати страни не можеле да го следат спроведувањето на препораките на ППТ. „Ова исто така бил чекор од суштинска важност за подигнување на свеста за тешката ситуација во врска со практикувањето на тортура во земјата. Со оглед дека практикувањето на тортура во Бразил опстојува како директна последица од отсуството на делотворни превентивни политики и пред сè отсуство на отчетност на сторителите, Законот за пристап до информации претставувал делотворен начин да се гарантира дека оценката на ППТ ќе стане достапна и сега во голема мерка може да се користи во борба против тортура од страна на сите релевантни засегнати страни“, коментирале од Конектас.

## Преносот на интернет на седницата на Комитетот против тортура во Ирска

Во 2011 година Ирскиот совет за граѓански слободи (ИЦЦЛ) и Ирската фондација за казнена реформа (ИПРТ) подготвиле заеднички извештај во сенка за првото појавување на Ирска пред Комитетот против тортура на ООН (КПТ). Заедно со Меѓународниот совет за рехабилитација на жртвите на тортура (ИРЦТВ), ИЦЦЛ и ИПРТ го организирале првиот пренос на интернет на седницата на КПТ, која била пренесена од низа АГО и статутарни тела во Ирска.

„Ние го дистрибуиравме извештајот во сенка и препораките на КПТ широко и бевме пренесени во сите водечки весници и радио станици. Информативна емисија во ударен термин извести за ирското разгледување пренесувајќи снимки од  нашиот пренос на Интернет. Ова беше првпат ирската јавност да види едно договорно тело на ООН на дело" коментираше претставник на ИЦЦЛ.

Појавувањето на Ирска пред КПТ и препораките што следеле придонесоа за прогресивните промени во Ирска. Затворската реформа има повисок политички профил, а била формирана и Панел група за разгледување на стратегијата.[9] Комитетот бараше последователни активности по 4 конкретни препораки во рок од 12 месеци, вклучително за пропустот на државата делотворно да го истражи притворот на жени во Магдалене Лондрис. Во февруари 2013 година официјалниот извештај за инволвираноста на државата во Магдалене Лондрис бил објавен.[10] Оттогаш до денес државата има дадено официјално извинување на жените од Магдалене и спроведува план за обесштетување.

## Пренос на интернет и видео снимки

Седниците на Советот за човекови права и Универзалниот периодичен преглед директно се пренесуваат и архивираат на Веб ТВ на ООН.[11] Граѓанското општество може да снима и пренесува на интернет сесии на договорните тела. Група на НВО од Женева ги координира преносите на интернет на сите сесии на договорните тела. www.treatybodywebcast.org.

Многу **видео снимки** подготвени од ОХЦХР можат да се најдат на веб страницата на ОХЦХР и локалните медиуми.[12]

---

9 Формирана од министерот за правда, еднаквост и одбрана, Панел групата за ревидирање на стратегијата се состои од  експерти кои го претставуваат судството, полицијата, службите за пробација, затворските претставници. Групата дава препораки за унапредување на принципиелен и одржлив казнен систем, вклучително во однос на меѓународните обврски на Ирска. За повеќе информации види **http://www.justice.ie**.

10 Извештајот можете да го најдете на **http://www.justice.ie**.

11 **http://webtv.un.org/**

12 Пристап до ОХЦХР на социјалните медиуми преку **www.ohchr.org**.

## 4.10. Застапување

Застапувањето за човековите права може да се дефинира како комуникација со цел да се подобри остварувањето на човековите права. Делотворните пораки на застапувањето за одреден став **информираат** за состојбата со човековите права и аспектите што загрижуваат; имаат за цел да **ги убедат** другите **да преминат во акција**.

Одликите на делотворни пораки за застапување за човековите права:

- Се засноваат на потврдени факти и бројки
- Содржат човечки примери од реалниот живот
- Едноставни се и концизни
- Користат соодветен јазик (дискурс на човековите права, не политичка реторика; избегнуваат навредлив јазик)
- Ги пренесува некој на кој може да му се верува
- Носат јасен повик на акција
- Прилагодени се на целната публика
- Можат да ги предвидат контра аргументите

Наодите и препораките на механизмите за човекови права исполнуваат неколку од овие одлики. АГО идентификува и одредува приоритети во однос на наодите и препораките со цел нивното застапување да биде поделотворно.

### Застапување, подигнување на свеста и мониторинг на учеството на лицата со попреченост на изборите во Тунис

Во заклучните согледувања на ЦРПД од 2011 година за Тунис вклучени се неколку препораки за демократска реформа на земјата и имаат за цел да се обезбеди лицата со попречености да бидат вклучени во подготовката на новиот Устав и да можат да го остварат своето право на глас и учество во јавниот живот на еднаква основа со другите.

Туниската организација за промовирање на правата на лицата со попречености (Organization tunisienne de défense des droits des personnes handicapées- OTDDPH), организација на лица со попречености формирана после револуцијата, спроведе неколку работилници за подигнување на свесноста во различни региони со цел да се охрабрат лицата со попречености да земат учество на следните избори. Неколкумина од нејзините членови биле официјални набљудувачи на изборите што на ОТДДПХ и овозможило да ја следи работата на повеќе од 100 гласачки места во земјата со цел да ги оцени стандардите за достапност како и мерките за учество на лицата со попречености на изборите.

По изборите за Народното уставотворно собрание, чија задача била да го изработи новиот туниски Устав, ОТДДПХ спровеле активности за застапување во Уставотворното собранието за да обезбеди вклучување на правата на лицата со попречености во Уставот. Засновајќи ги своите заложби на ЦРПД и препораките на Комитетот на ЦРПД, ОТДДПХ се обратиле на расправите на собраниската комисија, стапиле во контакт со поединечни членови на комитетот и изработиле одредба за евентуално да биде вградена во Уставот.

### Застапување на напорите за независно судство во Гватемала

Специјалниот известувач за независноста на судиите и адвокатите ја посети Гватемала за време на изборите за Врховниот суд на правдата. За време на процесот на избор на јавен обвинител, што следел после изборот на судии, и како дел на нивните заложби, граѓанското општество на широко се осврна на извештајот на Специјалниот известувач, особено во однос на барањата за независност, транспарентност и врвност во професијата. Канцеларијата на ОХЦХР во Гватемала придонесе со тоа што направи збирка на применливите меѓународни стандарди, вклучително препораките на специјалниот известувач. АГО ја искористија збирката за да ги зајакнат своите заложби кај комисиите за номинација за да можат тие да ги предложат најквалификуваните кандидати за местото на јавен обвинител. АГО исто така ги употреби овие препораки во јавните изјави со кои се бараа промени во законодавството и поголема отчетност од страна на властите што се однесува до независноста на судството.

## 4.11.Градење и јакнење на капацитетите

Наодите и препораките на механизмите за човекови права можат да укажат на широк спектар јазови во капацитетите кај државните власти или актерите на граѓанското општество што ја ограничуваат нивната способност да ги остварат човековите права. Понекогаш препораките не само што идентификуваат јазови, туку исто така охрабруваат активности за градење на капацитети за тие да се затворат.  Во некои случаи, АГО може да се добро позиционирани да ги затворат или намалат таквите јазови и многу од нив имаат искуство и стручно знаење во делот на обуките за човековите права како за АГО така и за државните власти.

Препораките можат да отсликуваат јазови кои веќе се решаваат преку активности за градење на капацитети што ги спроведуваат АГО. Во такви случаи, препораките го јакнат значајот на активностите на граѓанското општество и неговата улога во градењето на капацитетите. Во други случаи, препораките можат да упатуваат на јазови кои не се покриени со постоечките програми. Граѓанското општество кое е вклучено во последователните активности ќе ја оцени изводливоста на дополнителни активности за градење на капацитети преку:

- Проценка дали АГО се добро поставени да обезбедат активности за градење на капацитети во смисла на стручноста што се бара, достапните ресурси и очекуваното влијание. Анализата за тоа како активностите за градење на нови капацитети ќе се поклопат со приоритетите на АГО и работните планови е дел од оваа проценка;
- Правење на проценка на потребите на институциите и организациите кои се цел, вклучително и нивната волја да се поправат пропустите во однос на капацитетите со цел да се подобри остварувањето на човековите права; и
- Анализа на комплементарност со други програми за градење капацитети, додадената вредност на новите активности и нивно влијание и одржливост.

Искуството покажало дека државните власти како и АГО честопати се отворени за програми за градење на капацитети, но самото ова не ги носи автоматски очекуваните резултати. Неуспехот може да е резултат на ограничената волја за промена, висок степен на промени кај корисниците, ограничувања во дизајнот на активностите за градење капацитети (на пример, неодржливост, нејасни цели, корисници со многу различни нивоа на знаење) или комбинација на овие фактори. Овие ризици треба да бидат внимателно проценети при креирањето на програмите за градење на капацитети и измереното влијание при проценката на резултатите.[13]

[13] За насоки за обуката за оценка на човековите права, види Evaluating human rights training activities (Активности за обука за оценка на човековите права) (Публикација на

**Сензитизирање и градење на капацитети на безбедносните сили за борба против сексуалното насилство во Брегот на Слоновата Коска**

После УПР за Брегот на Слоновата Коска во 2009 година, невладината организација СОС Исклучување (SOS Exclusion) ги искористи препораките за да изработи акциски план, чиј главен фокус беше на градењето на капацитети за човекови права кај полицијата и војската. „Организиравме две работилници за препораките на УПР за правата на жените", објасни претседателот на организацијата. „Ова беше можност да се оцени статусот во однос на спроведувањето на препораките кај некои од клучните актери, како што се Министерството за солидарност, семејство, жени и деца; Министерството за правда и ООН Жени. По ова следеше кампања за општествена мобилизација против сексуалното насилство, што беше една од препораките на УПР. „Кампањата ни даде можност да ги поврземе актерите на граѓанското општество, верските лидери, министерствата за солидарност и правда како и заедниците каде се спроведуваше кампањата".

## 4.12. Интегрирање на родовата перспектива во последователните активности

Следниве прашања можат да помогнат во интегрирањето на родот кога се одредуваат приоритетите на последователните активности:

- Дали препораките на кои им е даден приоритет и последователните активности главно се однесуваат на жените и/или на мажите?
- Како родовата перспектива е вклучена во интервенцијата на која и е даден приоритет? Преку родово специфични активности и/или преку вклучување на родот во главните текови?
- Дали некои иматели на права се изложени на повеќекратна дискриминација? Дали последователните активности се осврнуваат на нивната состојба?
- Дали планираните активности се насочени кон јакнење на моќта на имателите на правата и борба против родовата дискриминација и нееднаквост?
- Дали различните иматели на правата биле консултирани при одредување на приоритетите во интервенциите?

---

Обединетите нации, HR/P/PT/1S)

Кога се спроведуваат последователните активности:

- Се собираат и пријавуваат податоци разделени според полот и други елементи на различност како што се возраста, етничката припадност, попреченост, социо-економскиот статус, и др.;
- Кога родово специфични информации не се достапни, експлицитно наведете го таквиот пропуст во известувањето;
- Кога се организираат настани, обука и активности за градење на капацитети: внимавајте да постои родова рамнотежа меѓу учесниците и инструкторите или соработниците, родово чувствителна околина (местото на настанот, временската рамка) родово чувствителни содржини и методи;
- Се спроведува систематска родова анализа;
- Се работи со родово чувствителни партнери;
- При активностите на застапување за одредено прашање и подигнување на свеста: се вклучуваат пораки за родова еднаквост и се користи родово чувствителен јазик и слики.

## 4.13 Отсликување на инклузијата, разновидноста и достапноста

Кога се планираат и спроведуваат последователните активности:

- Бидете инклузивни при вклучувањето на разновидни чинители;
- Внимавајте разновидноста на гледиштата да се слуша и отсликува во последователните активности;
- Имајте ја предвид достапноста за учество на лицата од различно миље, вклучително малцинства и лица со попреченост, и да се преземат чекори за документите и ресурсите да бидат достапни за лицата со попречености.

## 4.14. Користење на препораките за судски постапки и парници

Многу АГО поддржуваат поединци и групи кои ги бараат своите права преку судски или квази-судски механизми на национално, регионално и меѓународно ниво. Ова може да вклучува правна помош околу жалбите, стручни правни мислења, градење на капацитетот на судиите, обвинителите, адвокатите и правните практичари за примена на правото за човекови права, или за да се охрабри примената на меѓународното право за човекови права од страна на активистите и судовите.

Користењето и охрабрувањето да се применува меѓународното право за човекови права во судските процеси на национално и регионално ниво може да ја зајакне јуриспруденцијата за човековите права. Толкувањето на одредбите на договорот содржано во општите коментари на договорните тела, на пример, може да укаже што подразбира конкретното право и да биде земено предвид од страна на домашниот суд во случаите за кои тој одлучува. Слично на тоа, упатувањето на конкретни препораки на механизмите за човекови права може да ги зајакне барањата на имателите на правата.

**Барање пристап до генерички лекови во Кенија**

На 20 април 2012 година со важната пресуда на Високиот суд на Кенија било одлучено делови од Законот против фалсификување од 2008 година да не важат за генеричките лекови – со што се заштитил пристапот до поевтини лекови. Случајот бил поднесен од три лица кои живееле со ХИВ. КЕЛИН, организација за човекови права која работи на заштита и промовирање на човековите права поврзани со ХИВ во Источна Африка, му дала поддршка во истражување на главниот адвокат на жалителите. Случајот, кој траел од 2009 година, ги оспорил аспектите на Законот против фалсификување од 2008 година кои го довеле во прашање увозот на генерички лекови, вклучително антиретровирусни (АРВ) лекови за луѓе што живеат со ХИВ. Специјалниот известувач на ООН за правото на здравје поднел пријателска информација која во голема мерка била цитирана во пресудата.

Во својата пресуда, судијката Нгуги пресудила дека интелектуалната сопственост не треба да има предимство пред правото на живот, правото на здравје и правото на човечко достоинство содржани во Уставот на Кенија. Носителите на патент затоа нема да можат да го користат законот за правно да го спречат увозот на генерички лекови, како што се плашеле жалителите.[14]

## 4.15. Споделување на резултати од последователни активности и добри практики

Меѓународното право за човекови права и механизмите поврзани со него можат да се перципираат како да се далеку од реалноста на имателите на правата. Како препораките на независни експерти од Женева влијаат на животот на обичните луѓе? Како тие можат да влијаат на подоброто однесување на носителите на обврски кои може се несвесни за тоа што е договорно тело или што прави специјалниот

[14] Види ја пресудата: **http://bit.ly/L1cEu5** (пристапено на 24 јули 2013)

известувач? Но, промена може да се случи и се случува – во многу случаи заради последователната работа на граѓанското општество.

Документирање, споделување и ширење на резултатите од активностите и практиките што последувале ги инспирираат другите да се вклучат, да ги реплицираат и усвојат искуствата во сопствениот контекст и приоритети. Повратни информации за влијанието на механизмите за човекови права се исто така високо ценети од експертите што работат за овие механизми.

**Споделување на ресурси и практики за судски случаи за човекови права во рамките на негата на пациентите во Источна Европа и Централна Азија**

Проектот за човековите права при негата на пациентите изработува Водичи за практичари, прилагодени за секоја земја, за адвокати заинтересирани да покренат парници за случаи поврзани со човекови права во име на пациенти. Водичите се практични, се осврнуваат и на парниците и на алтернативните механизми како што се народните правобранители и здравствените тела за издавање дозволи и за разгледување на правата на пациентот и на давателот на услуга и неговите обврските на национално, регионално и меѓународно ниво, вклучително и темелен преглед на јуриспруденцијата на договорните тела и работата на специјалните процедури.

Проектот исто така има заедница на пракса, место на интернет за споделување на материјали и ресурси. Заедницата на праксата има три главни делови: настава по право и здравство; обука за човекови права во рамките на негата на пациенти и медиумски алатки.[15]

## 4.16. Вклучување во постоечките последователни процедури и практики на механизмите за човекови права

Последователните процедури и практиките кои ги имаат усвоено механизмите за човекови права се потпираат на соработка на Владата, како и учеството на АГО. Следниов дел на Водичот ги опишува постоечките последователни процедури и практики.

15 **http://health-rights.org/**

# 5. Последователни процедури и практики на механизмите за човекови права

Оценката на промената која следела по препораките за човековите права, дознавањето што се случило откако механизмите за човекови права ја прегледале земјата согласно нивните процедури, разбирањето на влијанието на терен на архитектурата на ООН за човекови права, се од суштински интерес и цел на механизмите за човекови права. Од нивното воспоставување, сите механизми имаат сфатено дека нивната делотворност лежи во позитивната промена што тие можат да ја создадат или поттикнат. Доказите за позитивни промени се докази за нивната делотворност. Оваа „потрага по докази" резултираше со развивање на различни форми на последователни активности што секој механизам ги има усвоено. Некои се формализирани во утврдени постапки, како процедурата за следење на заклучните согледувања воспоставена од неколку договорни тела. Други се усклaдени практики, како што се последователните извештаи од посета на земјата што ги подготвуваат некои специјални известувачи. Во други случаи следењето може да претставува ад хок иницијатива, на пример, регионална работилница за споделување на искуства во спроведување на препораките за човекови права. Следниве делови ги опишуваат овие начини во повеќе детали.

## 5.1. Договорни тела за човекови права

### *Процедури за следење на заклучните согледувања*

Договорните тела имаат воспоставено процедури за да им се помогне на државите-потписнички да делуваат во однос на препораките содржани во заклучните согледувања или одлуки по случаи поднесени во постапките за индивидуални жалби. Сите договорни тела бараат од државите да ги наведат последователните активности во нивните периодични извештаи за спроведувањето. Комитетот против тортура (КПТ), Комитетот за елиминација на расната дискриминација (ЦЕРД), Комитетот за човекови права (Комитетот за ЧП), Комитетот за елиминација на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ) и Комитетот за присилни исчезнувања (КПИ) имаат усвоено формални процедури за следење. Овие пет договорни тела бараат во своите заклучни согледувања државите да поднесат извештаи во рок од една година (две години во случајот на ЦЕДАВ) за мерките што се преземени во одговор на конкретни препораки или „приоритетни прашања од загриженост" кои можат брзо да се спроведат. Овие комитети назначуваат известувач или координатор за следење кој е одговорен за оценка на последователните

извештаи поднесени од државите-потписнички и ги претставуваат истите до комитетот. Некои членови на договорните тела имаат извршено посети на државите-потписнички, на нивна покана, по извештајот со цел да го проследат спроведувањето на заклучните согледувања.

Што се однесува до Комитетот за човекови права, откако ќе го добие последователниот извештај од државата потписничка, посебен известувач за последователни активности поднесува извештај за напредокот на секоја седница, кој вклучува резиме на последователниот извештај на државата-потписничка и информации од ОГО и други извори како и проценка на Комитетот врз основа на критериумите за последователна проценка на Комитетот (види табела долу). Комитетот понатаму ја информира државата-потписничка за одлуката што е усвоена по однос на последователниот извештај. Доколку една земја потписничка не соработува во последователната процедура, или усвои мерки коишто Комитетот ги смета за незадоволувачки, известувачот може да побара средба со претставникот на државата потписничка.

**Критериуми за последователната проценка од Комитетот за човекови права**

**Задоволителен одговор/делување**

А Одговорот е во голема мера задоволителен

**Делумно задоволителен одговор/делување**

Б1 Преземени се значителни дејствија, но потребни се дополнителни информации

Б2 Преземени се првични дејствија, но потребни се дополнителни информации

Незадоволителен одговор/делување

В1 Одговорот е добиен, но преземените дејствија не ја спроведуваат препораката

В2 Одговорот е добиен, но не е релевантен за препораката

**Нема соработка со Комитетот**

Г1 Не е добиен одговор во дадениот рок, или нема одговор на ниедно од прашањата во извештајот

Г2 Не е добиен одговор после потсетувањето

**Преземените мерки се спротивни на препораките на Комитетот**

Д Одговорот укажува дека преземените мерки се спротивни на препораките на Комитетот

## *Како може да учествува граѓанското општество?*

Слично на извештаите „во сенка" или „алтернативните" извештаи поднесени при разгледувањето на извештаите на државите-потписнички и листата на прашања, АГО можат да поднесат информации во рамките на последователната процедура. Во овој случај поднесоците треба да се фокусираат конкретно на препораките што се идентификувани во заклучните забелешки за последователната процедура, и да содржат концизни информации[16] за активностите преземени од властите, како и да ја оценат нивната делотворност. Секое непреземање на мерките што се потребни за спроведување на препораки исто така може да биде споменато. АГО може да ги коментираат и одговорите дадени од државата. Поднесоците на АГО за последователната процедура ги следат истите правила за поднесоците кои се даваат кога се разгледува извештај на државата потписничка и листата на прашања и се сметаат за јавни и се достапни на веб страницата на ОХЦХР, или доверливи ако така бара организацијата подносител.

**Користење на заклучните согледувања на КПД на национално ниво**

За да се промовира цикличен пристап во процесот на поднесување на извештаи до Комитетот за правата на детето (КПД) и за да се охрабри граѓанското општество да ги примени препораките на КПД во целост во нивната работа на застапување, Конект за детски права (Child Rights Connect) има собрано цела серија на студии на случаи на последователни активности спроведени од АГО и националните институции за човекови права.[17]

Членовите на договорните тела можат исто така да учествуваат во регионални, подрегионални или национални работилници за спроведување организирани од граѓанското општество, агенциите на ООН и ОХЦХР или владите. Се охрабрува учеството на граѓанското општество на овие работилници.

16 ЦЕДАВ (CEDAW) бара поднесоците да не се подолги од максимум 3.500 збора.

17 **http://www.childrightsnet.org/NGOGroup/CRC/FollowUp/**

**Последователни посети на Поткомитетот за превенција од тортура**

Поткомитетот за превенција од тортура (ППТ), формиран во 2007 година со Факултативниот протокол на Конвенцијата против тортура, врши посети за утврдување на факти во сите места на притвор и други места во кои лица се лишени од слобода на териториите во државите-потписнички, како на пример полициски станици, затвори, ментални установи за здравствена и социјална нега. На крајот од посетата на една земја, Поткомитетот своите препораки и забелешки и ги пренесува на државата по пат на извештај од доверлив карактер.

Доколку ППТ смета за соодветно, може да предложи кратка последователна посета по редовната. Во септември 2010 г. ПСТ ја спровел својата прва последователна посета на Парагвај во која зело учество и граѓанското општество.

## *Следење на одлуките по индивидуални жалби*

Договорните тела за човекови права можат во одредени околности да разгледаат индивидуални претставки или комуникации.[18] Согласно оваа процедура секое лице кое тврди дека правата согласно одреден договор му биле повредени може да поднесе жалба до договорното тело, против државата која е потписничка на инструментот и ја признала надлежноста на договорното тело да разгледува жалби од поединци. Жалбата најпрво се оценува по основ на барањата за допуштеност. Доколку е допуштена, жалбата се разгледува во однос на нејзината заснованост, а договорното тело усвојува одлука за тоа дали имало повреда на одредба од договорот. Доколку договорното тело одлучи дека жалителот бил жртва на повреда, тоа бара од државата да обезбеди информации, вообичаено во период од шест месеци, за чекорите што ги презела во однос на одлуката на договорното тело. Одговорот на државата потоа се пренесува до жалителот, кој може да даде свои забелешки во однос на поднесокот на државата.

18 Од јули 2013 година оваа процедура постои за Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација, Конвенцијата против тортура, Конвенцијата против елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Меѓународната конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права и Конвенцијата за правата на лицата со попречености. Таа ќе стапи на сила за Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници мигранти и членовите на нивните семејства и за Конвенцијата за правата на детето, кога 10 држави-потписнички ќе ја направат потребната декларација согласно членот 77 од поранешниот и ратификуваниот најнов Факултативен протокол на последнава.

Некои договорни тела, особено Комитетот за човекови права, КПТ, ЦЕРД и ЦЕДАВ имаат утврдени процедури за следење на спроведувањето на одлуките на комитетите. Таквите процедури се состојат од назначување на известувач со задача да го следи спроведувањето на одлуките. Тие се назначуваат за одреден временски период или во случајот на ЦЕДАВ, да следат одредени случаи. Кога одговорите на државата за преземените чекори во однос на спроведувањето на одлуките се или незадоволителни или не помагаат, известувачот може да се консултира со дипломатските претставници на државата, обично дипломати од постојаните мисии во Женева или Њујорк.

## *Како може да учествува граѓанското општество?*

Во случаите кога АГО се инволвирани во индивидуални жалби (на пр. бидејќи тие му помогнале на жалителот да ја пополни молбата), тие можат да обезбедат информации за тоа како е спроведена одлуката.

**Оценка на спроведувањето на одлуките за човековите права**

Во 2010 година Иницијативата за правда на Отвореното општество (Open Society Justice Initiative) го објави извештајот Од пресуда до правда – спроведување на меѓународни и регионални одлуки за човекови права, во кој се разгледани предизвиците при спроведувањето на меѓународни и регионални одлуки за човекови права, имено на договорните тела на ООН, африканските, европските и меѓу-американските системи. Извештајот смета дека и покрај остварувањата во изминатите 25 години, сите пет системи се соочени со пречки во трансформирањето на нивните пресуди во промени на терен. Во многу случаи важни одлуки не донеле значајни реформи.

При анализата на спроведувањето на одлуките на договорните тела, извештајот утврдува дека „генерално одлуките успешно се спроведуваат во случаи со голема политичка видливост и случаи поднесени против држави со традиција на софистицирано владеење на правото. Кога ќе дојде до спроведување, тоа е честопати заради силното граѓанското општество кое може да ги надополни последователните напори на комитетот и да примени и друг вид на домашен притисок."

## 5.2. Совет за човекови права

### *Последователни активности на работата на Советот за човекови права*

Резолуцијата на Генералното собрание 60/251 утврдува дека Советот за човекови права (Советот) одлучил дека методите на работа на Советот треба да дозволат последователни дискусии по препораките и нивното спроведување.

Советот ги следи прашањата поврзани со човековите права за кои дискутира преку:

- Давање на експлицитни упатувања за последователни активности во резолуциите и одлуките што ги усвојува. Резолуциите вообичаено содржат одредби со кои се утврдува дека Советот „останува фокусиран на прашањето“. Ова значи дека темата и понатаму ќе биде предмет на дискусии на Советот на идните седници.
- Одржување на своите состаноци на редовни и посебни седници по основ на точки на дневниот ред кои се повторуваат подолго време.  Ова е секако случај со редовните седници иако може да се случи посебни седници да се свикаат на иста или слична тема (на пр. специјални седници за состојбата со човековите права во Сириската Арапска Република во 2011 и 2012).
- Давање задача на своите механизми, вклучително специјалните процедури или супсидијарните тела или ОХЦХР, да преземат одредени чекори и да му поднесат извештај на Советот на некоја идна седница. Советот исто така може да одлучи да воспостави ад хок механизам, како анкетна комисија или мисија за утврдување на факти со мандат да ги истражи повредите на човековите права и да поднесе извештај со наодите што треба да ги разгледа Советот. Други задачи кои типично ги дава Советот вклучуваат остварување на студии или организација на стручни состаноци или панел.

### *Како може да учествува граѓанското општество?*

Последователните модалитети што се опишани горе се стандардните работни методи на Советот. Затоа модалитетите за учество на граѓанското општество се исти и подразбираат можности за НВО кои уживаат консултативен статус со ECOSOC за давање на писмени или усни изјави и организирање на странични настани. НВО кои не патуваат во Женева за да земат учество на седницата на Советот за човекови права

можат да доставаат усни изјави со видео пораки за одредени точки на дневниот ред. За повеќе насоки, ве молиме погледнете го Прирачникот на ОХЦХР за граѓанското општество – Работа со програмата на Обединетите нации за човекови права и Практичниот водич на ОХЦХР за граѓанското општество за Советот за човекови права[19] како и веб страниците на ОХЦХР.[20]

Покрај писмените и усните изјави и страничните настани, стандардна пракса е да се покани граѓанското општество да даде свој придонес во студиите и да учествува на стручните состаноци и панели побарани од Советот. Исто така, НВО можат да учествуваат на отворените неформални состаноци кои се одржуваат паралелно со Советот, а на кои се дискутира за текстот на нацрт резолуции.

Конечно, резолуциите и одлуките на Советот ги отсликуваат заложбите на државите да ги заштитат и унапредат човековите права. Повторно, граѓанското општество може да мапира, одредува приоритети и да презема дејствија за да изврши притисок за спроведување на обврските во врска со човековите права изразени во резолуциите и одлуките на Советот коишто им се од интерес.

## *Супсидијарни тела, механизми и мандати*

Супсидијарните тела и механизми на Советот даваат голем број на препораки, вклучително:

- Универзалниот периодичен преглед (види дел 5.4. од Водичот);
- Советодавниот комитет на Советот за човекови права;
- Процедура за поднесување на жалби;
- Специјални процедури (види дел 5.3. од Водичот);
- Социјалниот форум;
- Форумот за малцински прашања;
- Експертски механизам за правата на домородните народи; и
- Форумот за бизнис и човекови права.

За насоки за учество на граѓанското општество во овие тела ве молиме погледнете ги Прирачникот на ОХЦХР за граѓанското општество – Работа со програмата на Обединетите нации за човекови права, Практичниот водич на ОХЦХР за граѓанското општество за Советот за човекови права и Практичниот водич за Социјалниот форум.[21]

---

19 Достапно на **http://www.ohchr.org/EN/AboutUs/Pages/CivilSociety.aspx**

20 **http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/HRC/Pages/NgoParticipation.aspx**

21 Достапно на **http://www.ohchr.org/EN/AboutUs/Pages/CivilSociety.aspx**

## 5.3. Специјални процедури

### *Последователни посети на земјите*

Носителите на мандат за специјални процедури треба да добијат покана од Владата за да ја посетат земјата. Специјалните процедури во след на своите барањата за посета делуваат на следниов начин:

- Своите барањата за посета ги објавуваат во нивните извештаи, на нивните веб страници, за време на јавни настани и во медиумите;
- Одржуваат состаноци со дипломатските претставници на засегнатите земји;
- Организираат работни посети на земјата или регионот кои можат да го отворат патот до официјална посета (на пр. организирање на академска посета); и
- Пишуваат официјални потсетници за нивните барања и нив ги објавуваат.

Откако ќе се случи посетата, специјалните процедури имаат развиено низа различни последователни практики. Тие вклучуваат:

**1. Последователни посети на земјата.** Неколку мандати спроведуваат посети како последователна активност на претходните мисии во земјата. Овие посети даваат прилика за темелна оценка на напредокот иназадувањето мерени наспроти наодите и препораките од претходната посета. Последователните посети се добра пракса, меѓутоа малку од 40-50-те посети на земји годишно кои ги остваруваат специјалните процедури се последователни посети, заради ограничените ресурси.

**Примери на последователни посети на земји**

Специјален известувач за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија

- 2012: Гватемала (A/HRC/22/54/Add.1)

Специјален известувач за тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување

- 2012: Уругвај (A/HRC/22/53/Add.3)

Специјален известувач за современите форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и со нив поврзана нетрпеливост

- 2011: Унгарија (A/HRC/20/33/Add.1)

Специјален известувач за насилство врз жените, неговите причини и последици

- 2011: Соединетите Американски Држави (A/HRC/17/26/Add.5)
- 2010: Ел Салвадор (A/HRC/17/26/Add.2) и Ангола (A/HRC/17/26/Add.3)

Специјален известувач за унапредување и заштита на човековите права и основните слободи во борбата против тероризмот

- 2011: Тунис (A/HRC/16/51/Add.2)

**2. Последователни извештаи.** Неколку мандати објавуваат последователни извештаи врз основа на информации обезбедени од Владата, националните институции за човекови права и граѓанското општество. Развиени се интересни практики на последователни извештаи од посети на земји од страна на Работната група за присилни или недоброволни  исчезнувања, Специјалниот известувач за вонсудски, по кратка постапка и своеволни егзекуции, Специјалниот известувач за човекови права и екстремна сиромаштија и Специјалниот известувач за слобода на вероисповед или убедување.

**Последователни извештаи на Работната група за присилни или недоброволни исчезнувања**

Во 2010 година Работната група за присилни или недоброволни исчезнувања усвои формат за своите последователни извештаи, структуриран околу табелите кои ги отсликуваат препораките на Работната група, краток опис на состојбата во времето кога била направена посетата на земјата, и преглед на чекорите преземени врз основа на информациите што биле собрани од Работната група, како од владини така и од невладини извори. Оттогаш, Работната група има објавено последователни извештаи за напредокот и назадувањата во однос на состојбата со присилните или недоброволни исчезнувања по посетите на Колумбија, Ел Салвадор, Гватемала, Хондурас, Мароко и Непал.

**Последователни табели на Специјалниот известувач за слободата на вероисповед или убедување**

Специјалниот известувач за слободата на вероисповед или убедување испраќа последователни писма по посетите на земјата за да добие ажурирани информации за спроведувањето на препораките на национално ниво. Последователните табели за посетените земји од 2005 година наваму ги содржат заклучоците и препораките од извештаите од посетите на земјите и последователните информации од релевантните документи на ООН, вклучително и од Универзалниот периодичен преглед, специјалните процедури и договорните тела.[22]

**3. Последователни настани.** Дали на иницијатива на специјалните процедури, Владите, националните институции за човекови права, граѓанското општество или на ОХЦХР, национални, регионални или меѓународните последователни настани можат да бидат корисни за да се оцени напредокот и да се споделат искуствата и предизвиците во спроведувањето на препораките од посетите на земјите. Таквите настани можат да се во форма на тркалезни маси, експертски состаноци или конференции.

22 http://www.ohchr.org/EN/Issues/FreedomReligion/Pages/Visits.aspx

**Работилница за ропството во Мавританија**

Во јануари 2013 година Специјалниот известувач за современите форми на ропство учествуваше на последователна работилница за спроведувањето на нејзините препораки што произлегоа од нејзината посета на Мавританија. Владините функционери и ОГО кои присуствуваа на работилницата изработија мапа за спроведувањето на препораките на Специјалниот известувач. Канцеларијата на ОХЦХР во Мавританија работеше со ОГО на охрабрување на Владата формално да ја усвои и спроведе мапата.

**Ширење на наодите за состојбата со домородните народи во Чиле и Аргентина**

Во јануари 2010 г. Специјалниот известувач за состојбата со човековите права и основните слободи на домородните народи имаше видео конференција во врска со правата на домородното население во Чиле. Видео конференцијата се пренесуваше истовремено во пет чилеански града со поддршка на АГО и Регионалната канцеларија на ОХЦХР за Јужна Америка. Во својата презентација, специјалниот известувач ги појасни своите заклучоци и забелешки како што беа прикажани во неговиот извештај за земјата.

Во 2012 година Специјалниот известувач го повтори искуството во Аргентина, каде домаќин на видео конференцијата беше Тимот на ООН во земјата.

## *Како може да учествува граѓанското општество?*

- Барања за посета
  - Да им предложат на носителите на мандатот да побараат посета на нивната земја и да обезбедат доволно информации за да се образложи посетата;
  - Да се информираат за барањата за посета на кои се чека одговор преку електронската пошта за информирање на граѓанското општество на ОХЦХР;
  - Застапување кај Владата и други релевантни засегнати страни (на пр. парламентарци, дипломатски мисии) да се поднесат барања за посета;
- Учество во подготовката и реализацијата на последователните посети;
- Да обезбедат информации за последователните посети;
- Да предложат, да учествуваат и кога е можно да организираат последователни настани.

## *Последователни активности по комуникации*

Збирни извештаи за комуникации се поднесуваат од страна на сите специјални процедури до Советот за човекови права за секоја редовна седница. Извештаите за комуникации кои се издаваат три пати годишно вклучуваат кратки резимеа од наводите за претставките доставени до дадената земја или друго тело. Текстот на комуникациите што се испратени и одговорите на владите се достапни преку хиперлинкови. Специјалните процедури можат да добијат и разгледаат дополнителни информации за случај за кој била испратена комуникација. Дополнителните информации обично ги обезбедуваат истите извори кои ги поднеле почетните информации. Во 2012 година специјалните процедури добиле дополнителни информации за нивните комуникации во 21% од случаите.

Специјалните процедури можат да испратат последователни комуникации кога развојот на настаните бара нова интервенција. Многу последователни комуникации се засноваат врз дополнително поднесени информации. Во 2012 година 31% од комуникациите биле последователни.

Активноста за проследување на комуникациите исто така се случува и за време на посетите на земјите како и преку дипломатски консултации со претставници на засегнатите држави. Во некои карактеристични случаи, специјалните процедури можат да дадат соопштенија за јавноста.

Следењето на комуникациите понатаму се остварува преку забелешки во годишните извештаи на носителите на мандат. Забелешките се главно поврзани со трендови и шеми за повреди на човековите права во една земја за време на периодот што е предмет на извештајот, но исто така и за повеќе индивидуални случаи.

**Извештај со забелешките на Специјалниот известувач за правото на слобода на мирен собир и здружување**

Од почетокот на својот мандат во 2010 година, Специјалниот известувач има издадено два извештаи со забелешки, во кои тој ги повторува прашањата што го загрижуваат во врска со конкретни случаи на повреди на човековите права, имено во контекст на одговорите на Владите на комуникациите.

**Базата на податоци на Работната група за своеволно лишување од слобода**

Пуштена во употреба во 2011 година, базата на податоци на Работната група за своеволно лишување од слобода претставува практична алатка за пребарување на мислењата усвоени од страна на Работната група од 1991 година наваму. Базата на податоци ја олеснува квалитативната и квантитативната анализа на мислењата и може да им помогне на жртвите на своеволно лишување од слобода, на практичарите и други да поднесат случаи на наводно своеволно лишување од слобода до Работната група.[23]

**Последователните активности во однос на случаите на присилно или недоброволно исчезнување**

Работната група за присилно или недоброволно исчезнување се обидува да воспостави канал за комуникација меѓу семејствата и засегнатите влади. Секоја значителна дополнителна информација која изворите ја поднесуваат за одреден случај се пренесува до засегнатата Влада. Сите информации што се обезбедуваат од засегнатите Влади за конкретни случаи се доставуваат до изворите. Работната група ги доставува одговорите на државите во врска со судбината или каде се наоѓа исчезнатото лице до изворот и го кани изворот да достави забелешки и дополнителни детали.  Доколку изворот не одговори во рок од шест месеци или ги оспори владините информации по основи кои се сметаат за неразумни, Работната група случајот го смета за разјаснет. Случаите остануваат отворени до нивното разјаснување, прекинување или носењето на одлука да се затвори случајот. Работната група ја потсетува секоја засегната Влада еднаш годишно за случаите коишто сè уште не се разјаснети и трипати годишно за сите случаи по итна постапка пренесени по претходната седница. Во можни рамки и по барање, Работната група на засегнатата Влада или на изворот им обезбедува ажурирани информации за конкретни случаи.[24]

---

23 **http://www.unwgaddatabase.org/un/**

24 За дополнителни детали видете ги ревидираните работни методи на Работната група (A/HRC/10/9, Annex 1).

## *Како може да учествува граѓанското општество?*

- Редовна проверка на извештаите за комуникациите за да се запознае со комуникациите што биле испратени во врска со состојби и случаите што биле предмет на загриженост;
- Дисеминирање на извештаите преку локалните, регионалните, националните и меѓународните мрежи за да се соберат дополнителни информации за случаите;
- Да се поднесат тековни ажурирани информации за позитивниот или негативен развој во врска со претходна комуникација;
- Да се разгледаат одговорите на Владите и да се испратат коментари во врска со тоа до специјалните процедури;
- Да се одржува редовен контакт со носителите на мандат за специјални процедури преку нивните тимови за поддршка на ОХЦХР; и
- Да се користи адресата за е-пошта urgent-action@ohchr.org или генеричките адреси за е-пошта на специјалните процедури со соодветен мандат. Пристап до именикот на специјалните процедури имате на:

**http://goo.gl/5qoNL**

**Комуникации и последователни активности по комуникации по региони во 2012 година**



## *Последователни тематски извештаи*

Како стандардна практика, специјалните процедури организираат или учествуваат во настани за претставување или разгледување на нивните годишни тематски извештаи до Советот за човекови права или Генералното собрание. Тоа може да се странични настани за време на седницата на Советот или други конференции или работилници. Исто така, вообичаено е да објавуваат соопштенија за јавноста или стории на Интернет и да држат конференции за печат на теми од извештајот. Тематските меѓународни денови можат да бидат прилика да се привлече вниманието на медиумите на прашањата поврзани со човековите права опфатени со тематските извештаи.

**Алатки на интернет: Прегледот за слободата на вероисповед или убедување и на иницијативата против тортура**

**Преглед за слободата на вероисповед или убедување**
2011 година беше означена со 25-годишнината од воспоставувањето на мандатот на Специјалниот известувач за слободата на вероисповед или убедување. Во оваа прилика објавен е Прегледот за слободата на вероисповед или убедување со забелешките и препораките на четирите носители на мандат кои служеле од 1986 година. Создаден како алатка за застапување, образование и истражување, Прегледот вклучува извадоци од извештаите на мандатот од 1986 до 2011 година категоризирани по теми.[25]

**Иницијатива против тортура**
Во 2013 година Специјалниот известувач за тортура лансираше онлајн платформа која содржи информации за последователните активности, вклучително и сите тематски извештаи, извештаи по земји и извештаи со забелешки заедно со известувањата за печатот, интервјуа, конференции, расправи, колумни и други медиумски претставувања поврзани со последователните активности по посетите на земјите и тематските извештаи.[26]

## *Како може да учествува граѓанското општество?*

- Да организира[27] или да учествува во странични настани за време на седницата на Советот за човекови права на тема од тематскиот извештај.
- Да се повика на наодите и препораките од тематските извештаи за јакнење на активностите на АГО (на пр. застапување, градење на капацитети, подигнување на свеста, мониторинг).

---

25 **http://www.ohchr.org/EN/Issues/FreedomReligion/Pages/Standards.aspx**

26 **http://antitorture.org**

27 Организирањето на попратни настани е ограничено на НВО со ECOSOC консултативен статус.

## 5.4. Универзален периодичен преглед

Првиот циклус на Универзалниот периодичен преглед заврши во октомври 2011 година, кога сите земји-членки на ООН поминаа низ прегледот. За време на вториот и следните циклуси за преглед, од државите се очекува да обезбедат информации за мерките што се преземени за спроведување на препораките од првиот преглед, како и за другиот развој. Дополнително, може да се доставуваат редовно ажурирани информации за време на седниците на Советот за човекови права, согласно точката 6 на дневниот ред за УПР. И државите и НВО можат да поднесат ажурирани информации преку привремени извештаи, усни и писмени изјави.

**Извештаи поднесени до Советот за човекови права за спроведување на УПР во Колумбија**

Колумбиската комисија на правници редовно поднесува ажурирани информации до Советот за човекови права за време на општата дебата согласно точка 6, која е посветена на УПР. Преку овие нови информации Колумбиската комисија обезбедува информации за напредокот што е постигнат од Владата на Колумбија во спроведувањето на препораките на УПР.

### *Како може да учествува граѓанското општество?*

- Кога се поднесуваат информации за да бидат вклучени во резимето на извештајот на засегнатите страни, важно е да имаат содржано анализа за тоа како државата ги спровела или не препораките од првиот циклус.
- АГО може да ги информираат државите кои го вршат прегледот, особено оние кои формулирале препораки за време на првиот преглед, за својата анализа на напредокот на разгледуваната држава во спроведувањето.
- НВО со ECOSOC консултативен статус можат да користат писмени и усни изјави до Советот за човекови права согласно точка 6 од дневниот ред за да обезбедат ажурирани информации за напредокот и предизвиците во спроведувањето на препораките на УПР од страна на државите.

За насоки за учество на граѓанското општество во овие тела ве молиме погледнете ги Прирачникот на ОХЦХР за граѓанското општество – Работа со програмата на Обединетите нации за човекови права и Практичниот водич за Универзалниот периодичен преглед.[28]

[28] Достапни на **http://www.ohchr.org/EN/AboutUs/Pages/CivilSociety.aspx**

## Последователни алатки за УПР

Невладината УПР-Инфо има развиено алатки за да се олесни, промовира и следи спроведувањето на препораките на УПР. Особено:

- ➔ Програмата за следење што го разгледува спроведувањето на препораките две години после првиот циклус (среднорочна проценка на спроведувањето) и ги споредува препораките и заложбите од првиот циклус со информациите на државата за спроведувањето дадени во нејзиниот национален извештај за вториот циклус од УПР.
- ➔ Студијата На пат кон спроведувањето (On the road to implementation), во која е дадена анализа на информациите и податоците собрани преку програмата за следење со која се врши преглед на спроведувањето на 3.294 препораки од 6.542 колку што биле упатени до 66 земји.
- ➔ Комплетот за последователни активности за граѓанското општество наведува пет препорачани дејствија: 1. Објавување на УПР препораките и заложбите; 2. Планирање на спроведувањето; 3. Стапување во дијалог со државата што била предмет на прегледот за да учествува во спроведувањето; 4. Мониторинг на спроведувањето; и 5. Поднесување на извештај за спроведувањето.[29]

Меѓународната организација на франкофонијата (**Organization internationale de la Francophonie**) објави Практичен водич за спроведување на препораките и заложбите на УПР. Планиран првично за државите, Водичот исто така се занимава и со другите засегнати страни, вклучително АГО, во својство на партнери во последователните активности и спроведувањето. Целта на Водичот е да го потпомогне спроведувањето преку спроведување на план во 10 чекори:

1. Собирање на релевантни информации.
2. Групирање по теми.
3. Идентификување на очекуваните активности и резултати што произлегуваат од препораките.
4. Идентификување на мерки за спроведување.
5. Усвојување на интегриран пристап за секој сектор.
6. Доделување на одговорности за спроведување на државно ниво.
7. Идентификување на партнери во спроведувањето на национално ниво.
8. Да се утврди временска рамка за спроведување.
9. Да се идентификуваат потребите за градење капацитети и техничка помош и партнерите за спроведување на меѓународно ниво.
10. Да се развие стратегија за последователни активности и евалуација за спроведувањето.[30]

---

29 **http://www.upr-info.org/followup/.**

30 **http://www.francophonie.org**

## 5.5. Холистички пристап

Во овој дел, последователните постапки и практики развиени од различни механизми се претставени посебно бидејќи иако постојат сличности тие претставуваат посебни одлики на секој механизам. Меѓутоа, важно е да се повтори уште еднаш дека последователните активности се поефективни доколку се преземат на холистички начин при што препораките од различни механизми за човекови права меѓусебно се зајакнуваат и го максимизираат својот потенцијал во насока на спроведување. Видете го исто делот 3 од овој Водич.

## 5.6. Репресалии

Одмаздата против поединци и групи кои сакаат да соработуваат или кои соработувале  со ООН, нејзини претставници и механизми на полето на човековите права е повреда на човековите права. Одмазда може да се случи и кога граѓанското општество сака да соработува со механизмите на ООН за човекови права во рамките на последователните активности.

Резолуцијата на Советот за човекови права 12/2 го задолжи Генералниот секретар да поднесува извештај до Советот секоја година кој ќе содржи збирен преглед и анализа на наводните репресалии против лица кои соработуваат со механизмите на ООН за човекови права како и препораки за тоа како да се постапи во однос на проблемите поврзани со заплашувањето и одмазда.[31]

Покрај случаите на одмазда во врска со соработката со Советот, специјалните процедури и договорните тела, вклучително и нивните последователни процедури и практики, извештајот може да вклучи репресалии поврзани со соработката со ОХЦХР, нејзините претставници на терен и советниците за човекови права, тимовите на ООН во земјата, компонентите за човекови права на мировните мисии, и др. Последователните информации за случаите вклучени во претходните извештаи исто така се релевантни и охрабрени.

Репресалии можат да се случат против поединци кои:

- Сакаат да соработуваат или соработуваат со ООН, нивни претставници и механизми на полето на човековите права, или кои сведочеле или им дале информации;

[31] За извештаите за 2012 и 2011 види A/HRC/21/18 и A/HRC/18/19.

- Ги користат или ги користеле процедурите воспоставени под покровителство на ООН за заштита на човекови права и основните слободи, и/или обезбедиле правна или друга помош за таа цел;
- Поднесуваат или поднеле комуникации согласно процедурите воспоставени со инструментите за човекови права, и/или обезбедиле правна или друга помош за таа цел;
- Се роднини на жртвите на повреди на човекови права или на оние кои им обезбедиле правна или друга помош на жртвите.

Објавувањето на случаите на одмазда преку извештајот на Генералниот секретар може да резултира во зголемена заштита. Меѓутоа, ризиците од јавното изложување исто така треба внимателно да се проценат. Заради оваа причина, извештајот ги вклучува сите случаи за кои засегнатите лица ја дале својата информирана согласност нивниот случај да биде објавен.

За поднесување на информации за случаи на одмазда ве молиме обратете се на: **reprisals@ohchr.org**

# 6. Дознајте повеќе

- Веб страницата на ОХЦХР:

**www.ohchr.org**

- Алатките на ОХЦХР за граѓанското општество достапни се на:

**http://www.ohchr.org/EN/AboutUs/Pages/CivilSociety.aspx** на шесте службени јазици на ООН

**http://uhri.ohchr.org/**

- Универзален индекс за човекови права:

**http://uhri.ohchr.org/**

- Меѓународна служба за човекови права и Правен центар за човекови права, Домашно спроведување на препораките на ООН за човекови права – Водич за бранителите и застапниците на човековите права, достапни на

**www.ishr.ch**

- Алатки за следење УПР-инфо достапни на:

**http://www.upr-info.org/followup**

- La Francophonie, Practical Guide on the Universal Periodic Review (Практичен водич за Универзалниот периодичен преглед), 2013, достапен на

**http://www.francophonie.org**

- From judgement to justice – Implementing international and regional human rights decisions, 2010 (Од пресуда до правда – спроведување на меѓународни и регионални одлуки за човекови права), From rights to remedies: structures and strategies for implementing international human rights decisions, 2013 (Од права до правни лекови: структури и стратегии за спроведување на меѓународните одлуки за човекови права), достапни на

**http://www.opensocietyfoundations.org**

- Пренос на интернет
  - Веб ТВ на ООН:

**http://webtv.un.org**

  - Седници на договорните тела:

**www.treatybodywebcast.org**

- Practitioner Guide on Human Rights in Patient Care (Водич за практичари за човековите права при нега на пациенти):

**http://health-rights.org/**

- Студии на случаи за последователните активности по заклучните забелешки на КПД:

**http://www.childrightsnet.org/NGOGroup/CRC/FollowUp/**

- Базата на податоци на Работната група за своеволно лишување од слобода:

**http://www.unwgaddatabase.org/un/**

- Преглед за слободата на вероисповед или убедување:

**http://www.ohchr.org/EN/Issues/FreedomReligion/Pages/Standards.aspx**

Некои НВО тесно соработуваат со конкретни механизми за човекови права. Тие ја олеснуваат и поддржуваат работата на АГО со тие механизми и можат да понудат насоки и поддршка. Некои од тие НВО се:

- The Centre for Civil and Political Rights (CCPR Centre) (Центарот за граѓански и политички права) за ICCPR
- Child Rights Connect (Конект- Детски права) за CRC
- The International Disability Alliance (IDA) (Меѓународната алијанса на лица со попречености) за CRPD
- The International Movement against All Forms of Discrimination and Racism (IMADR) (Меѓународното движење против сите форми на дискриминација и расизам) за CERD
- The International Platform on the Migrant Workers Convention (IPMWC) (Меѓународната платформа за Конвенцијата за работниците-мигранти) за CMW
- The International Rehabilitation Council for Victims of Torture (IRCT) (Меѓународниот совет за рехабилитација на жртвите на тортура) за CAT
- The International Women's Rights Action Watch (IWAW) Asia Pacific (Меѓународната организација за набљудување на активностите во сферата на правата на жените, Азија-Пацифик) за CEDAW
- УПР-Инфо за УПР

# 7. Контактирајте не на:

Со Секторот за граѓанско општество при ОХЦХР (OHCHR's Civil Society Section ) можете да стапите во контакт на:
**civilsociety@ohchr.org**

Телефон: +41(0) 22 917 9656

Прирачникот на ОХЦХР за човекови права и практичните водичи за граѓанското општество се достапни онлајн на англиски, арапски, кинески, руски, француски и шпански јазик на

**www.ohchr.org/EN/AboutUs/Pages/CivilSociety.aspx**

Системот на електронска пошта на Граѓанското општество обезбедува ажурирани податоци и насоки за сите мандати и механизми за човековите права, како и информации и рокови за аплицирање за средства, грантови и стипендии. За да се претплатите посетете ја веб страницата за граѓанското општество или

**http://goo.gl/O8snt**

Одбележување на 20-та годишнина на Канцеларијата на високиот комесар за човекови права

*„Граѓанското општество се разви и прошири и денес има многу повеќе активни национални организации за човекови права и бранители на човековите права отколку пред 20 години. Овие организации и поединци влеваат живот на човековите права: тие промовираат промени, тие се луѓето кои алармираат во случаи на злоупотреба, лоша законска регулатива и растечка диктатура. Овој практичен водич ја означува 20-та годишнина на ОХЦХР и е посветен на актерите на граѓанското општество кои работат на човековите права низ целиот свет.“*

Нави Пиле (Navi Pillay)
Висок комесар за човекови права
на Обединетите нации

Септември 2013 година

UNITED NATIONS HUMAN RIGHTS
OFFICE OF THE HIGH COMMISSIONER

20 YEARS WORKING FOR YOUR RIGHTS
1993 WORLD CONFERENCE ON HUMAN RIGHTS



Made of paper awarded the European Union Eco-label, reg.nr FI/11/1, supplied by UPM.

**Практичен водич за граѓанското општество**
**КАКО ДА СЕ СЛЕДАТ ПРЕПОРАКИТЕ ОД ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

**Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации**
Palais des Nations
CH 1211 Jenebra 10 – Suisa
Telefone: +41 (0)22 917 90 00
Fax : +41 (0)22 917 90 08
www.ohchr.org

UNITED NATIONS
HUMAN RIGHTS
OFFICE OF THE HIGH COMMISSIONER

20 YEARS WORKING FOR YOUR RIGHTS
1993 WORLD CONFERENCE ON HUMAN RIGHTS